**Службен весник на РМ, бр. 193 од 06.11.2015 година**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставовите 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 Ноември 2015 година

Бр.08-5153/1
03 Ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорѓе Иванов**, с.р.

Претседател
На Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**Член 1**

Во законот за електронски комуникации („Службен Весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14 и 44/15) во членот 127 став (2) по зборовите:„Меѓународната унија за телекомуникации“ се додаваат зборовите:„или доколку е утврдено со посебен закон“.

**Член 2**

Во Членот 180 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 7% до 10% од вкупниот годишен приход на правното лице, односно трговецот поединец (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице, односно трговецот поединец започнало да работи, ќе му се изрече прекршок на правно лице, односно трговецот поединец, ако:

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од домерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното во трговецот поединец за прекршоците од ставот 1 на овој член“.

**Член 3**

Во членот 181 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„ (1) Глоба во износ од 4% до 7% од вкупниот годишен приход на правното лице, односно трговецот поединец (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице, односно трговецот поединец започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, односно трговецот поединец, ако:

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршоците од ставот 1 на овој член“.

**Член 4**

Во членот 182 став (1) во воведната реченица по зборовите: „ на правното лице“ се додаваат зборовите: „односно трговецот поединец“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице,односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршоците од ставот 1 на овој член“.

**Член 5**

Во членот 183 став (1) во воведната реченица по зборовите:„на правното лице“ се додаваат зборовите:„односно трговецот поединец“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршоците од ставот 1 на овој член“.

**Член 6**

Во членот 184 став (1) во воведната реченица по зборовите:„годишен приход на правното лице“ се додаваат зборовите:„односно трговецот поединец“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, односно за трговецот поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец за прекршоците од ставот 1 на овој член“.

**Член 7**

По членот 186 се додава нов член 186-а, кој гласи:

Член 186-а

„ Одмерувањето на висината на глобата за правно лице, односно за трговецот поединец се врши согласно со Законот за прекршоци“.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.